РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1904/1
05-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријава со број 12-1996/1 од 21.07.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито работно ангажирање на лице на работно место -------------- во ООМУ „-----------------" -----------, од страна на директорот на училиштето, -------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1996/1 од 21.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 20.07.2025 година, до ДКСК доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито работно ангажирање на лице на работно место -------------- во ООМУ „-----------------" ------------, од страна на директорот на училиштето, ------------------. Во пријавата се наведува дека споменатата директорка, лицето работно го ангажирал како ----------------, врз основа на договор на дело за извршување на градежни и други работи.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до Државниот инспекторат за труд (во понатамошниот текст.ДИТ).
Постапувајќи по барање на ДКСК, ДИТ на ден 17.09.2025 година достави Известување со бр.ИП.---------/-- со која ја извести ДКСК, дека барањето за вршење на инспекциски надзор,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

било распределено за работа и постапување во подрачна единица на инспекторатот во Велес на ден 15.09.2025 година и истото поради стварна ненадлежност на инспекторот, е препратено до Државниот управен инспекторат согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за инспекциски надзор и Законот за инспекцијата на труд.

ДКСК се обрати со Барање за доставување на информации до Државниот управен инспекторат (во понатамошниот текст:ДУИ), по кое доставил Известување со.бр.------------ во кое се наведува дека наводите се однесуваат на вработување на ------------ во ООМУ „----------------" ----------, а кое работно место согласно Правилникот за систематизација на работните места и член 14 став 1 алинеа 4 од Законот за вработените во јавниот сектор, спаѓа во група IV – работни места на помошно-технички лица. Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, за вработените во јавниот сектор од член 14 став 1 алинеа 3 и 4 од овој закон врши Државниот инспекторат за труд. Во согласност со член 45 став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор, инспекцискиот надзор бил запрен, а барањето било препратено на ДИТ.

На ден 30.10.2025 година, ДКСК повторно достави Барање за прибирање на податоци до ДИТ по кое ДИТ ја извести ДКСК дека по повторниот прием на предметот од ДУИ, поради стварна ненадлежност на управниот инспектор, на ден 10.11.2025 година, согласно член 23 став 1 од Законот за општата управна постапка, доставил барање за решавање на судир на надлежности до Владата на РСМ.

ДКСК достави барање за прибирање податоци и документација до ООМУ „--------------" -------- од каде е доставена информација со прилог документација.
По разгледување истата, ДКСК утврди дека работното место -------------- било предвидено во Планот за вработување на училиштето за 2025 година и за истото било добиено позитивно мислење од Министерството за јавна администрација на ден 11.08.2025 година. Исто така работно место ------------- било предвидено и со Акт за систематизација на работните места на ООМУ „-------------------" -----------.
Училиштето информира дека за засновање на предметното работно место е обезбедено Согласност од Градоначалникот на Општина ----------- за вработување на едно лице на работно место -------------- на определено работно време за исти и неодложни работи, најмногу до три месеци (старо финансирање во учебната 2024/2025 година). Споменатото лице било работно ангажирано, покрај за вршење на редовните работни обврски и за поправка и одржување на инструментите во училиштето. Согласноста била дадена за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година и од 01.04.2025 до 19.06.2025 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На ден 26.12.2025 година, ДИТ - --------- дополнително ја информира ДКСК со доставување на Известување со арх.бр.Ип-1 бр.30-398/4, во кое наведува дека извршил вонреден инспекциски надзор во субјектот на надзорот, при што ја утврдил следната фактичка состојба:
Во текот на 2025 година, за потребите на своето работење ООМУ „------------------------“ --------- засновал работен однос во два наврати со лицето ------------------ од --------- со полно работно време на определено време, за кое што субјектот на надзорот во постапката согласно со закон, добил согласности за вработувањето од страна на општината. Вработувањата се извршени со посредување на службата надлежна за посредување при вработување – АВРСМ Центар за вработување -----------, во постапка за пополнување на работното место во јавниот сектор од страна на одговорното лице на училиштето, со склучување на договор за вработување на определено време. Првиот работен однос било засновано на 01.01.2025 година со договор бр.--------/-- од 30.12.2024 година, согласност од Градоначалникот бр.-------- ---/-- од истиот датум, а вториот на 02.04.2025 година со договор бр.--------/-- од 01.04.2025 година и Согласност од Градоначалникот бр.---------/-- од 28.03.2025 година.
ДИТ ---------- утврди дека одговорното лице на ООМУ „-------------------------“ ----------- засновал работен однос со лицето ---------- ---------- од ------------, на определено време на работно место -----------------, со посредување на АВРСМ ----------- преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица, во постапка и донесени акти согласно со Законот и прописите од областа на работните односи. Поради горенаведното, ДИТ ----------- не утврди неправилности во неговото работење, поради што постапката била запрена согласно со член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Од сето горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата и оттаму, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar